Николина КЕНИГ **УДК: 316.455:316.346.2**

# КОГА МАЖИТЕ ЈА ГУБАТ МАЖЕСТВЕНОСТА А ЖЕНИТЕ УБАВИНАТА: ЕКСПЛОРАЦИЈА НА МОДЕЛОТ НА ВКРСТЕНА КАТЕГОРИЗАЦИЈА ПРЕКУ СПОДЕЛЕНА ПОЛОВА КАТЕГОРИЈА

***Кратка содржина***

*Припадноста на одредени социјални групи значително се одразува на тоа како ги перципираме другите и себе си, како ја доживуваме реалноста и каков ни е односот кон социјалното окружување. Интергрупниот контекст вообичаено е диференциран во однос на објективно постоечки статусни разлики кои можат да се одразат врз процесите на социјална идентификација. Ова истражување е експлоративно тестирање на разликите во вреднувањето на субкатегории при вкрстена категоризација, во услови кога споделената категорија се разликува според релативната социјална моќ. Наодите, толкувани во светло на теоријата на социјална идентификација и его-еколошката теорија, упатуваат на неопходноста за нивна интеграција, како и за понатамошно истражување на условите под кои вкрстените категории може ја намалат негативната проценка на групите.*

***Клучни зборови:*** *КАТЕГОРИЗАЦИЈА, ВКРСТЕНА КАТЕГОРИЗАЦИЈА, СТЕРЕОТИПИ, РОДОВИ СУБКАТЕГОРИИ, ВРЕДНУВАЊЕ.*

## Вовед

Дали некогаш сте се запрашале зошто постојат вицови за русокоси, но нема за црнокоси? Или пак, зошто мажите кои преземаат феминина улога трпат поголем социјален притисок од жените во маскулина улога? Или, зошто одредени социјални групи дефинирани врз основа на полот се магнет за негативна стереотипизација, додека на другите се реагира со неутрални или позитивни вреднувања? Социјалната психологија располага со неколку систематизирани теории и импресивна количина на истражувања поврзани со овие прашања. Но, судејќи по (не)конзистентноста на наодите произлезени од нив, веројатно претстои долг пат кон интеграција на емпириските податоци во посеопфатна теориска целина.

Ова истражување, инспирирано од потребата за испитување на асиметријата во социјална моќ како потенцијален фактор за вреднување во услови на вкрстена категоризација, има за цел да одговори на прашањата: *(1) Дали полот како вкрстена категориија има исто ефект врз вреднувањето кај мажите и жените? (2) Дали, доколку постои диференцирано дејство, истото може да се припише на асиметријата во прототипноста на родовите?*

## Групен идентитет: крстосница на категоризации

Социјалниот идентитет е дел на селф-концептот, чија важност за индивидуата варира во зависност од ситуациони фактори. Истражувањата од областа на социјалната перцепцијата во последните три децении главно се фокусирани на условите под кои се формираат негативни стереотипи врз основа на категоријална припадност. Конструкцијата и употребата на категоријални репрезентации (стереотипи) е културно универзален начин на кој се редуцира сложеноста на светот и се осмислуваат релациите помеѓу луѓето, но и основа за формирање групни идентитети.

Во теоријата на социјална идентификација, Таџфел (Tajfel, 1981) го дефинира групниот идентитет како продукт на сознанието на поединецот за неговата припадност на одредена социјална група (самокатегоризација), и поистоветување со останатите припадници на групата (in-groups) наспроти дистанцирање со останатите (out-groups) по пат на социјална компарација. Тенденцијата групите на кои им припаѓаме да ги перципираме подиференцирано и да ги вреднуваме позитивно, наспроти хомогенизацијата и негативното проценување на оние кои припаѓаат на други групи е робустен и речиси неизбежен феномен. Теоријата тврди дека во основата на оваа пристрасност во вреднувањето, е втемелено суштинско стремење кон формирање и задржување позитивна слика за себе. Поединецот ја користи групата како медиум за потхранување на позитивниот селф-концепт – себе си си ги припишува позитивните атрибути за кои е уверен дека ги споделуваат сите припадници на групата, додека припадниците на останатите групи ги перципира како инфериорни. Која група ќе биде мета на проекција на негативните атрибути, зависи од тоа колку е таа слична со сопствената, но и каква е нејзината релативна моќ во констелацијата на односи.

Во реалните меѓугрупни контексти, ретко кога се среќаваат ситуации каде категоризацијата се одвива само по еден критериум, туку се мултиплицира по неколку основи на групна припадност. При групното споредување, истовремено некои од критериумите на категоризација се разликуваат, но некои коинцидираат. Така, *другиот* може да биде *оут-гроуп* на една димензија (на пр. жена *Македонка* наспроти жена *Албанка)* но *in-group* на друга (двете се *жени* наспроти категоријата *мажи*). Во овој случај, категоризацијата е **вкрстена,** во однос на критериумот *пол*. Според моделот на Дешам и Дојс (Deschamps & Doise, 1978), додека соочувањето со една единствена категоризација (на пр. Македонци наспроти Албанци) води кон потенцирање на интраргупната хомогеност и акцентирање на интергрупната разлика, вкрстената категоризација дејствува врз когнитивните процеси со намалување и на двата ефекта. Тоа би значело дека експлицитната информација за споделена категоријална припадност дејствува на тој начин што на припадниците на другата група (out-groups) ќе им се припишуваат барем некои карактеристики кои припаѓаат на стереотипот за споделената категорија и со тоа когнитивната репрезентација ќе се приближи до сликата за *нашите* (in-groups). Перцепирањето на сличности кои извираат од споделената категорија *ја намалува пристрасноста во вреднувањето* на припадниците на субкатегоријата, односно предрасудите и дискриминацијата во меѓугрупните односи. По истата логика, во случаите кога актерите во интеракцијата може да се класифицираат како *out-groups* според критериумите на категоризација, односно припаѓаат на групи со т.н. **конвергентни граници**, се очекува засилена негативна перцепција и дискирминација (Brewer, 1997). Според овој модел на пример, белците приврзаници на една партија, би требало да ги вреднуваат понегативно црнците кои се приврзаници на друга партија, отколку црнците воопшто.

Логична екстензија на субкатегоризацијата претставува поделбата на индивидуите во субтипови. Субтипизацијата е процес на рекатегоризација во групна припадност од пониско ниво, при што првичната општа категоријална припадност станува помалку информативна а со тоа и помалку релевантна од второстепената. На пример, иако иницијалната категоризација за некого може да биде дека е католик, во моментот кога дознаваме дека во исто време тој е член на некој клуб, втората информација може да стане многу посуштинска за него и да биде основа за градење на сликата за тоа лице. Интересно е дека стереотипите за субтиповите може многу да се разликуваат од стереотипот за поопштата

категорија од каде се извлечени. Во рамките на половите, на пример, емпириски се верификувани разлики во перцепција на повеќе од десетина субтипови (мачо-мажи, папучари, феминистки, блондинки, „кучки“, стриптизети и сл.) кои подлежат на различна стереотипизација, односно се перцепираат диференцирано од мажите или жените воопшто (Eckes, 1996).

Покрај почетниот ентузијазам поврзан со можноста за редукција на меѓугрупните предрасуди врз основа на вкрстена категоризација, емпириската верификација не успеала да обезбеди докази дека де-евалуацијата секогаш се намалува, а уште помалку постојат кохерентни наоди за условите под кои таа дејствува (Crisp & Hewstone, 1999). Појавата на отсуство на јасен ефект на промена во вреднувањето се објаснува со на неколку различни начини: преку степенот на релевантност на категоријата, интеракцијата на мотивациски фактори, можноста за доминација на ефектот на негативната информација врз перцепцијата, или преку интеракцијата на вреднувањето со содржината на групно споделениот стереотип за групата. Според моделот на содржина на стереотипот (SCM), намалувањето на ефектот на негативната пристрасност која извира од out-group категоријата, зависи од потенцијалот на едниот стереотип во надвладување на другиот. Значи, изворот на вреднување е *содржината на доминантниот стереотип*, кој мора да се проучи, пред да се претпостави автоматска редукција на негативно вреднување. Според Zebrowitz (1996: 16) „...нема да ги разбереме групните стереотипи без да знаеме кој се сместува во кои категории и зошто, ниту пак без да знаеме кои атрибути се асоцирани со кои категории.“

### Полот како одредница на групниот идентитет

Двата пола ја сочинуваат најфундаменталната поделба на стварноста - досега не е позната ниту една цивилизација организирана на начин кој ја пренебрегнува оваа дихотомија, иако нејзините консеквенци варираат од култура во култура. Родот прилично недвосмислено е асоциран со елаборирани улоги, особини и способности, такашто структурирањето и објаснувањето на социјалните интеракции неизбежно поминува низ призмата на машко-женската поделба.

Родот се третира како основа на меѓучовечките разлики и поради фактот што полот ги детерминира најраните искуства на диференцијален однос на околината. Додека машките деца се развиваат во свет

кој ги предиспонира да се дефинираат себе си како супериорни во однос на девојчињата, девојчињата од мали се адаптираат на „природноста“ на позицијата на експлицитна или имплицитна помала вредност. Различниот психо-социјален контекст во кој се формираат машкиот и женскиот групен идентитет неизбежно се одразува и како разлика во процесите на социјална перцепција и идентификација.

Теоријата на социјален идентитет сугерира дека од позиција на родовиот групен идентитет, жените и мажите би требало да бидат мотивирани во социјалната перцепција и однесување на различен начин – односно, жените, во споредба со мажите, кон поизразена идеализација на сопствената група и понагласена негативна перцепција на спротивниот пол како outgroups (Cameron, 2001). Постои значителен корпус на наоди за стеротипите и вреднувањата на мажите и жените, кои укажуваат дека иако жените се соочени со глобална континуирана дискриминација (Eagly & Karau, 2002), во голем број случаи тие добиваат или еднакви или попозитивни евалуации од мажите како група. Оваа појава, наречена ефект „жените се прекрасни“ (Eagly & Mladinic, 1994), најчесто се објаснува како последица на приоритетното вреднување оној аспект на женскиот стереотип, кој служи за одржување на родовата дихотомија, односно нивните изразени комунални особини – грижливост за другите, миројубивост – наспроти ниско изразената компетенција и компетитивност. Кога се вреднуваат субгрупи жени кај кои комуналните особини се во второстепени (на пример директорки), вреднувањето значително опаѓа.

Идејата на Цавалони (Zavalloni, 1984), за диференцијални процеси на социјална категоризација кои произлегуваат од објективната нееднаквост во социјалната моќ на групата на која и припаѓа перципиентот, може добро да се вклопи во теоријата на социјален идентитет. Его-еколошката теорија на Цавалони, тврди дека ситуираноста на родовиот идентитет во патријахална култура, резултира со недвосмислената *унилатерална конструкција на прототипот* којшто ја дефинира категоријалната припадност. Додека идентитетот на мажите се напластува со столетија како историја на херои од различни профили (вклучувајќи го тука и Бог кој е прикажан како маскулин принцип во монотеистичките религии), женскиот идентитет, дефиниран како негова спротивност, не може да биде вистински идентитет. Жените немаат суштина, немаат содржина, туку се *проста негација на машкоста*, нешто што постои само во релација со мажите и само за да ги потврди. Монополизацијта

на херојските фигури, односно отсуството на хероини, го остава женскиот групен идентитет без содржина, односно без елабориран позитивно вреднуван прототип. Така, прототипот за категоријата *маж* станува нормативен, односно замена за прототипот *човек*.

Истражувањата произлезени од оваа теорија откриваат дека асиметријата во социјалната моќ меѓу мажите и жените, резултира со два различни начини на самоперцепција – мажите се опишуваат себе си со идиосинкратски црти, како индивидуи, додека жените покажуваат тенденција да се гледаат како дел на колективно тело и себе си се перцепираат низ поопшти категории (Deschamps, 1980; Lorenzi–Cioldi, 1988; според Serino, 1998)[1]. Понатаму, студијата на Хартиг и соработниците (Hurtig at al., 1992; според Serino, 1998) открива дека асиметријата функционира на тој начин што мажите гледаат помала сличност помеѓу себе си и зададена машка фигура со која се разликуваат по одреден критериум (на пр. возраст или раса) отколку жените ставени во ситуација да се споредуваат со иста таква женска фигура. Разликите во перцепцијата се толкуваат како исход на „посилниот ефект на прототипност на машката фигура“ (Serino, 1998: 38).

Ако се земат предвид овие наоди, јасно е дека основната (baseline) категоријалната припадност може да трасира различни начини на перцепција кога се презентира како заедничка категорија. Од перспектива на его-еколошката теорија може да се претпостави дека тогаш кога вкрстената категорија е полот, редукцијата на негативната проценка не е еднакво ефикасна за мажите и за жените. Затоа, појдовната истражувачка хипотеза е дека *во услови на вкрстена категоризација произлезена од споделената полова припадност, заедничката категорија нема ист ефект врз вреднувањето кај жените и мажите.* Односно:

$H_а$. Жените повисоко ги вреднуваат ’женските‘ субкатегории од ’машките‘ субкатегории.

$H_б$. Мажите еднакво ги вреднуваат ’женските‘ субкатегории и ’машките‘ субкатегории.

---

[1] Испитувањето на процесите на родова идентификација кај адолесцентите (Кениг, 2001) сугерираат дека нееднаквото вреднување на културно пропишаните маскулини и феминини особини, резултира со различна улога на половата група како извор на социјален идентитет. Најдени се следниве тенденции: а) девојките во помал степен емпатиски се идентификуваат со групата *жени*, отколку момчињата со групата *мажи*, б) степенот на контра-идентификација на девојките со *жените* е поголем отколку на момчињата со *мажите* и в) групата *мажи* е во поголем степен ивор на идеалистична идентификација за момчињата, отколку групата *жени* за девојчињата.

Понатаму, доколку се следи моделот на его-еколошката теорија за разликите во перцепираната сличност, може да се очекува дека *во услови на вкрстена категоризација произлезена од споделената полова припадност, жените перцепираат поголема сличност помеѓу општата родова категорија и субкатегориите, отколку мажите.* Или,

$H_в$ Жените ги перцепирааат 'женските' субкатегории со една out-group димезија како слични на општата родова категорија.

$H_г$. Мажите не ги перцепирааат 'машите' субкатегории со една out-group димезија како слични на општата родова категорија.

## Метод

**Субјекти** – Во истражувањето учествуваа повеќето редовни студенти II година на студии на Институтите за психологија, филозофија и социологија, на возраст од 19-25 (M= 20,4; SD = 4, 3) години. Во оваа анализа се вклучени одговорите само на испитаниците од кои се изјасниле како етнички Македонци, немажени/неженети, со хетеросексуална ориентација (N=131; 91 женски, 40 машки)[2].

### Инструмент и постапка

Како инструмент за прибирање на податоците употребена е варијанта на Osgood-овиот семантички диференцијал[3], кој претставува листа од 16 парови придавки зададени со нивните позитивни и негативни екстреми, а понудени во скала од седум степени на проценка. Од испитаниците се бара да се определат за еден од трите степени на двата краја на континуумот, кои покажуваат различно ниво на прифаќање (или нула доколку одговорот е неутрален или несигурен), за да го опишат своето гледање за карактеристиките на секој понуден концепт (група). Презентирани беа следниве концепти во нивните две родови варијанти: *жените, мажите (основни категории), жените-хомосексуалци, мажите-хомосексуалци, разведените мажи, разведените жени, жените Албанки, мажите Албанци (субкатегории).* Заедничко за селектираните концепти

[2] Од анализа се исклучени прашалниците со повеќе од 5% испуштени одговри, и оние кај кои беше очигледен заземениот став на одговарање.

[3] Слична верзија е употребена а во студијата на Ламсден: Lumsden M. (1997). *Peacebuilding in Macedonia: Searching for Common Ground in Civil Society.* Oslo: Peace Research Institute, а потоа и во студијата на Петроска-Бешка В., Поповски М. и Кениг Н. (1999). Етничките стереотипи кај идните воспитувачи и одделенски наставници. *Годишен зборник на Филозофскиот факултет – Скопје, 26 (52),* 259-278.

е тоа што во конкретните услови, тие се групи кон кои вообичаено се мета на негативна стереотипизација, те. ниско вреднување.

Поради варирањето на категоријата *пол* на субкатегориите, испитаниците се ставени во услови да прават проценка кога групите се за нив outgroups по еден критериум (сексуална ориентација, брачен статус, етницитет) или по два критериуми (наведените критериуми и родовата припадност). Првата ситуација- кога субкатегоријата е outgroup по еден критериум, а споделената категорија е родовата – е вкрстена категоризација, втората ситуација пак, е тн. конвергирана категоризација.

Листата од 16 придавки што го сочинуваат инструментот, соодветно на Озгудовиот концепт, може да се сведе на три (факторски) биполарни димензии, кои ги опишуваат концептите од аспект на *вреднување* (евалуација), *моќност* (потенција) и *активност*. Во ова истражување, како факторска димензија е анализирана само димензијата ***вреднување (добри-лоши)*** којашто ја сочинуваат карактеристиките: добри-лоши, вредни-безвредни, чисти-нечисти, чесни-нечесни, успешни-неуспешни, интелегентни-неинтелегентни, мирољубиви-агресивни, убави-грди, здрави-болни[4]. Со 1 е квантификуван полот на биполарната димезија којшто има најпозитивна конотација, со 7 – најнегативниот крај, а со 4 (±0,25) е означена неутралната точка.

Испитувањето е спроведено за време на редовната настава (март и април 2004) а траеше околу дваесет минути. На задавањето претходеше објаснение дека испитувањето е доброволно и дека индивидуалните одговори ќе останат анонимни.

## Резултати

### Вреднување во услови на вкрстена категорија - *пол*

За да се тестира хипотезата дека полот како вкрстена категорија има диференцијално дејство кај припадниците двата пола, споредувани се аритметичките средини (Табела 1.) добиени на димензијата евалуација, за паровите субкатегори, добиени од испитаниците од женски пол и испитаниците од машки пол. Наодите укажуваат дека испитаниците од женски пол ги вреднуваат понудените концепти на тој начин што 'женските' субгрупи ги проценуваат повисоко во однос на 'машките'.

---

[4] Наодите за димензиите *моќност* (силни-слаби, строги-попустливи, добронамерни-злонамерни, храбри-плашливи и мажествени-женствени) и *активност* (активни-пасивни и брзи-бавни) не се анализирани во овој текст.

Тестот на разлики во аритметичките средини покажува статистички значајни разлики во случај кога испитаничките ги вреднуваат *Албанките* наспроти *Албанциите* (t(90) = 7,6; p < 0,01), *разведените жени* наспроти *разведените мажи* (t (89) = 8,5; p < 0,01) и *жените со хомосексуална ориентација* наспроти *мажите хомосексуалци* (t (89) = 2,05; p < 0,05). Помошната хипотеза $H_а$ може да се прифати.

Испитаниците од машки пол покажуваат **спротивна** тенденција - освен во случајот на еднакво вреднување на *Албанките* и *Албанциите* (t(39) = 0,62; p > 0,05), субгрупите со споделена родова категорија се вреднуваат пониско од конвергентните групи. Односно, *разведените жени* се проценети повисоко од *разведените мажи* (t(39) = 4,1; p < 0,01) и *хомосексуалците жени* од *хомосексуалците мажи* (t(39) = 3, 2; p < 0,01). Помошната хипотеза $H_б$ може делумно да се прифати.

Според тоа, наодите упатуваат на тоа дека постојат индикации за прифаќање на претпоставката дека во услови на вкрстена категоризација произлезена од споделената полова припадност, заедничката категорија нема ист ефект кај жените и мажите при евалуација на субкатегориите.

*Табела 1. Вреднување на (суб)категориите:* ***аритметички средини*** *и стандардни отстапувања*

| | ***Испитаници*** | |
|---|---|---|
| ***Категории*** | *машки (N=40)* | *женски (N=91)* |
| Жените | **2,56** (1,05) | **2,41** (0,84) |
| Мажите | **2,47** (0,96) | **2,79** (0,84) |
| ***Субкатегории*** | | |
| Жените Албанки | **4,24** (1,36) | **3,75** (1,51) |
| Мажите Албанци | **4,84** (1,81) | **4,60** (1,12) |
| Разведените жени | **3,33** (1,11) | **2,86** (0,92) |
| Разведените мажи | **3,61** (1,00) | **3,88** (0,93) |
| Жени хомосексуалци | **3,73** (1,38) | **3,33** (1,11) |
| Мажи хомосексуалци | **4,74** (1,55) | **3,60** (0,93) |

2,25-3, 00 – *позитивно*; 3,00-3,75 – *умерено позитивно*
4,25 – 5,00 – *умерено негативно*; 4±0,25 – *неутрално*;

**Перцепција на сличност во услови на вкрстена категорија – *пол***

За да се провери дали постои разлика помеѓу половите во перципирање на сличности помеѓу општата родова категорија и субкатегориите (што може да биде основа за разликите во вреднување на линијата на споделена родова категорија), направена е анализа на сликата за испитуваните концепти. Сличностите се утврдуваат на тој начин што се споредуваат најизразените особини добиени за секоја од субкатегориите (посебно од групата машки и од групата женски испитаници) со собините припишани на општите родови категории. При тоа, сличноста конвенционално е дефинирана како совпаѓање на најмалку две особини, без разлика на нивниот степен на изразеност. Во *Табела 2* се прикажани четирите (од вкупно 16) најизразени особини за секоја од групите, рангирани според апсолутната оддалеченост од неутралната точка (4±0,25).

Презентираните резултати укажувааат дека и машките и женските испитаници споделуваат многу сличен стереотип за генералните родови категории (*мажите* наспроти *жените*). И за едните и за другите, најкарактеристично за *жените* е тоа што тие се убави, чисти и женствени, а за *мажите*, тоа дека се мажествени, храбри, успешни и активни.

*Табела 2. Најизразени перцеипирани особини (**аритметички средини** и стандардни отстапувања)*

| | Испитаници од женски пол (N=91) | Испитаници од машки пол (N=40) |
|---|---|---|
| **Категории** | ***Особини*** | |
| *Жените* | *Убави (**1,92**; 1,13), вредни (**2,07**; 1,32), чисти (**2,17**; 1,29), женствени (**5,54**; 1.63)* | Убави (**1,95**; 1,18), чисти (**2,25**; 1,32), здрави (**2,24**; 1,15), женствени (**5,70**; 1.60) |
| *Мажите* | Мажествени (**2,04**; 1,24), храбри (**2,29**; 1,38), активни (**2,31**; 1,27), успешни (**2,39**; 1,23 ) | *Мажествени (**1,73**; 1,34), храбри (**1,85**; 1,44), успешни (**1,90**; 1,13), активни (**1,95**; 1,30)* |
| **Субкатегории** | | |
| *Жените Албанки* | Добри (**3,05**; 1,81), *вредни (**3,30**; 1,38), женствени (**4,82**; 1,57)* неуспешни (**4,66**; 1,77) | Пасивни (**5,72**; 1,66), бавни (**5,21**; 1,73), женствени (**5,15**; 1,58), неинтелигентни (**5,10**; 1,46) |
| *Мажите Албанци* | Строги (**2,88**; 1,51), агресивни (**5,43**; 1,62), грди (**5,41**; 1,45), нечисти (**5,19**;1,49 ) | Агресивни (**5,70**; 1,76), злонамерни (**5,38**; 1,94), грди (**5,23**; 1,90), нечисти (**5,10**; 2,23) |
| *Разведените жени* | *Убави* (**2,40**; 1,29), храбри (**2,43**; 1,42), успешни (**2,44**; 1,19), активни (**2,51**; 1,21) | Убави (**2,65**; 1,37), храбри (**2,82**; 1,72), успешни (**2,90**; 1,26), здрави (**2,99**; 1,01 ) |
| *Разведените мажи* | Мажествени (**2,5**; 1,4), активни (**2,7**; 1,2), успешни (**2,9**; 1,2), храбри (**2,9**; 1,1) | *Храбри* (**2,75**; 1,50), *мажествени* (**2,95**; 1,53), силни (**3,12**; 1,63), агресивни (**4,75**; 1,15) |
| *Жени. хомосексуалци* | Храбри (**3,04**; 1,83), активни (**3,07**; 1,55), *убави* (**3,12**; 1,58) и успешни (**3,40**; 1,59) | Убави (**3,45**; 1,82), чисти (**3,00**; 1,95), строги (**3,05**; 1,82), строги (**3,1**; 1,30) |
| *Мажи хомосексуалци* | убави (**3,29**; 1,56), успешни (**3,30**; 1,49), мирољубиви (**3,35**; 1,49) попустливи (**5,40**; 1,48) | Женствевни (**6,08**; 1,38), болни (**5,23**;1,62), безвредни (**5,23**; 1,68), плашливи (**5,05**; 1,72) |

Забележливо е дека за испитаниците од машки пол, особините со кои се опишуваат субгрупите – *мажи хомосексуалци* и *разведени мажи* – се сосема различни од особините припишани на *мажиѿе.* Ниту една карактеристика што е припишана на категоријата *мажи*, не се перципира како релевантна за субкатегоријата *Албанци*, додека кај *мажиѿе хомосексуалци*, две особини се припишани од спротивната страна на континуумот (женствени и плашливи). Субгрупата *разведени мажи*, се претставени како мажествени, храби и силни (иако во помал степен од општата категорија), односно многу слично на машкиот стереотип. Помошната хипотеза $H_г$, може само делумно да се прифати.

За испитаничките, *Албанкиѿе*, се најблиски според описот до женскиот прототип (вредни и женствени), но *разведениѿе жени* и *жениѿе хомосексулаци*, кои иако остануваат убави како *жениѿе* воопшто, опишани се многу послично на *мажиѿе* (храбри, активни и успешни). Со други зборови, нема основа за прифаќање на помошната хипотеза $H_в$.

**Дискусија**

Резултатите од ова истражување покажаа дека женските ги вреднуваат сите субкатегории од женски род повисоко од субкатекориите од машки род, наспроти машките кои не покажуваат таков тип на „лојалност" кон испитаните субкатегориите со споделена родова категорија. Овој наод ја потврдува потребата појавата на промена на вреднувањето во услови на вкрстена категоризација да се разгледува и низ призмата на релативната социјалната моќ на групите по основа на споделената категорија. Доколку споделениот критериум на категоризација го сместува поединецот во категорија со помала моќ, постои поголема веројатност дека при вкрстена категоризација, ќе направи повисока проценка на субкатегоријата, односно дека ќе се намали ефектот на негативна евалуација произлезен од спротиставената категорија.

Но, прашањето кое се наметнува од спроведената анализа на стереотипот за субкатегориите е дали промените во вреднувањето во услови на вкрстена категоризација произлегуваат *исклучиво* од когнитивни фактори, т.е. перцепирана сличност. Ако се разгледаат добиените слики од машките наспроти женските испитаници, може да се

идентификуваат два суштински различни процеси. Забележливо е дека за испитаниците од машки пол, особините со кои се опишуваат субгрупите кон кои е упатена најниска т.е негативна евалуација (Табела 1.) - *мажи хомосексуалци* и *Албанци* – се сосема различни од особините припишани на општата родова категорија. Ниту една карактеристика што е припишана на категоријата *мажи*, не се перципира како релевантна (истакната) за субкатегоријата *Албанци*, додека кај *мажите хомосексуалци*, две особини се припишани од спротивната страна на континуумот (женствени и плашливи). Субгрупата *разведени мажи*, кои се повисоко вреднувани, но сепак неутрално а не позитивно, се претставени најслично на мажите воопшто. Општо земено, кај машките испитаници се забележува тенденцијата најниско вреднуваните групи да се опишуваат низ особини кои *не* се поврзани или се спротивни со нивната замисла за *мажите*. Тоа значи дека, наместо вкрстената категорија да направи ефект на перцепирана сличност, се намалува припишаната машкост, а се задржува ниската евалуација.

Судејќи според наодите добиени од испитаничките, кај нив не се јавува таква „стратегија" при вреднување на групите. За испитаничките, оддалечувањето на сликата за субгрупите со женски родов предзнак од особините припишани за *жените*, воопшто не коинцидира со намалување на евалуацијата. Напротив, *Албанките*, иако најблиски според описот до женскиот стереотип (вредни и женствени), пониско се проценети од *разведените жени* и *жените хомосексулаци*, кои иако остануваат убави како *жените* воопшто, опишани се многу слично како *мажите* (храбри, активни и успешни)[5].

Еден можен начин да се објасни оваа појава без да се напушти линијата на резонирање на его-еколошката теорија, е да се земе предвид конкретниот избор на спротиставени категории. И покрај тоа што екс-

[5] Во вреднувањето на конвергентните субгрупи, не може да се забележи систематско совпаѓање помеѓу вреднувањето сличноста со стереотипот за општите родови категории. За машките, најниско вреднуваната субкатегорија – *Албанки,* портретирана е со две родово типични особини (женственост и пасивност – за разлика од *мажите* кои се активни, а *разведените жени* и *жените хомосексуалци,* битно различни според вкупната евалуација, се гледаат низ призма и на едниот (убави, здрави и чисти) и на другиот (храбри, активни и успешни) родов стереотип. За испитаничките, *разведените мажи*, иако во потполност ги реплицираат особините на општата родова категорија *мажи* (мажествени, активни, успешни и храбри) се полоши од *мажите хомосексуалци* кои имаат само една припишана особина типична за нивната перцепција на *мажите* – успешноста. Особините пак припишани на најниско вреднуваната субкатегорија – *Албанците,* не се среќаваат како типични ниту за маскулиниот ниту за фемининиот стереотип (освен што се перцепират како грди, наспроти *жените* кои се убави).

перименталните наоди инспирирани од теоријата на социјална идентификација покажуваат дека групните формации може да се создадат намерно, околу тривијален критериум на категоризација, неодрживо е да се тврди дека процесите на меѓугрупна перцепција функционираат идентично без разлика на социјалната релевантност на критериумот по кој се дефинирани. Многу е веројатно, степенот на релевантност на категоризацијата да варира од контекст во контекст, зависно од тоа (1) колку групата има мобилизирачка сила обезбедена преку групните уверувања и од нив произлезените групни норми, (2) од искуствата кои поединецот ги има заради припадност во групата, како и (3) од значењето на групниот идентитет наметнат низ институциите на системот (Кениг, 2000). Во конкретниот случај, разликите во социјалните искуства кои произлегуваат од родовата припадност и институционализираната нормативност на маскулиниот прототип, можат да придонесат за тоа одредени мултипли категоризации да се доживуваат како *субтипови*, а не како субкатегории. Разликата е во тоа што субтиповите се перцепираат како *девијантни*, нетипични групи, па според тоа и ниско се евалуираат (Cabe & Brannon, 2004). Кај жените пак, недиференцираноста на женскиот прототип, „дозволува" високо вреднување и во услови на мала коинциденција на карактеристиките на општата категорија и подкатегориите[6]. Сепак, останува неразјаснето, кој би бил медијаторот што генерира повисоко вреднување на 'женските' субкатегории наспроти 'машките', и покрај малата коинциденција на особините со општата родова група.

Друга линија на објаснување би била да се разгледаат процесите на вреднување надвор од матрицата на размислување која перципиентите ги третира исклучиво како на рационални суштества. Оттука, може да се претпостават два облика на реагирање во услови на вкрстена категоризација: модел на вклучување (каде ќе се зголеми вреднувањето заради споделената категорија) и модел на исклучување (без ефект врз вреднувањето). Оваа идеја на Крисп и соработниците (Crisp et al, 2003) произлегува од теориски претпоставента улога на доживувањето

[6] Сличен процес забележува Сорино (Sorino, 1998) испитувајќи го овој феномен кај две етнички групи со различна социјална моќ. За припадниците на доминантните етнички групи, правецот на споредба на својствата се движи од селфот кон другите, што оневозможува генерализација на содржината на стереотипот и перцепирање на сличност. Овој курс на движење на споредбите може да се припише и на процесите на компарација кога појдовна точка на категоризација е родовата припадност.

на спротиставената категорија како *закана* за социјалниот идентитет. Доживувањето на закана може да има улога на модератор варијабла која ги диференцира ефектите врз евалуацијата. Во конкретниот случај, може да се претпостави дека испитуваните спротиставени категории генерирааат чувство на закана за групниот идентитет *мажи*[7]. Останува да се објасни, преку дополнителни истражувања со варирање на различни категории, дали перцепираната закана е потипична за групите со поголема социјална моќ или не.

На крајот, неопходно е да се потенцира дека со оглед на селектираноста на субјектите во однос на образованието и возраста, не е неверојатно дека во услови на поадекватен примерок, сликата за намалување на ефектот на негативната евалуација може да се промени. Можноста наодите да ја одразуваат во најголема мера специфичноста на примерокот, упатуваат потреба за проширување на истражувањето на похетерогени групи испитаници.

(Рецензент: *проф. д-р Виолета Петреска-Бешка*)

## ЛИТЕРАТУРА


Brewer, M. B. (1997). Can research inform practice? *Journal of Social Issues*, 53, 197-211.

Cabe, A..E., & Brannon, L. A. (2004). An Examination of Racial Subtypes versus Subgroups. *Current Research in Social Psychology*, 9/8, 109-123.

Cameron, J. E. (2001). Social identity, modern sexism and perceptions of personal and group discrimination by women and men. *Sex Roles: A Journal of Research*, (http://www.findarticles.com).

Crisp, R. J., & Hewstone, M. (1999). Testing patterns of crossed categorization: Contextual antecedents and underlying processess.*Group Processes and Intergroup Relations*, 2, 307-333.

Crisp, R. J., Ensari, N., Hewstone, M., & Miller, N. (2003). A dual-route model of crossed categorization effects. In W. Stroebe & M. Hewstone (Eds.), *European Review of Social Psychology*, 13, 35-74.

Deschamps, J. C. & Doise,W. (1978).Crossed category membership in intergroup relations. Vo H. tajfel (Ed.) *Differentiation between social groups*. London: Academic Press, 141-158.


[7] Ова објаснување има дополнителна вредност ако се земе предвид дека наодите упатуваат на повисоко вреднување на 'женските' субкатегории, односно оние со конвергентни граници, што не може да се објасни исклучиво со перцепција на сличност.

Eagly, A. H. & Karau, S.J. (2002). Role congruity theory of prejudice toward female leaders. *Psychological Review*, 109, 573-598.

Eagly, A. H. & Mladinic, A. (1994). Are people prejudiced against women? *European Review of Social Psychology*, 5, 1-35.

Eckes, T. (1996). Explorations in gender cognition: Content and structure of female and male subtypes. *Social Cognituion*, 12, 30-60.

Eckes, T. (2002). Paternalistic and envious gender stereotypes: testing predictions from the stereotype content model. *Sex Roles: A Journal of Research* (http:// www.findarticles.com).

Кениг, Н. (2001). Родители и ќерки: (не)моќта на полвата улога во моделирање на родовиот идентитет, Во Колозова, К. (ур). *Истражувања во областа на родовите студии*, 215-268.

Кениг, Н. (2000). *Споредба на етничкиот идентитет на Македонците и Албанците во Република Македонија со користење на инструмент за структурна анализа на идентитетот* (необјавен магистерски труд).

Macrae, N. C. & Bodenhausen, G. V. (2001). Social cognition: Categorical person perception. *British Journal of Psychology*, 92, 239-255.

Serino, C. (1998). The Personal-Social Interplay: Social- Cognitive Prospects on Identity and Self-Others Comparison, во S.Worchel et al. (Ed). *Social Identity: International Perspectives*. London, Thousand Oaks, New Delhi: SAGE Publications.

Tajfel, H. (1981). *Human groups and social cathegories: Studies in social psychology.* Cambridge: Cambridge Universty Press.

Zavalloni, M. (1983). Ego-ecology: The Study of Interaction between Social and Personal Identities. во A. Jacobson-Widding, (ed.) *Identity: Personal and Socio-Cultural.* Atlantic Highllands, USA: Humanities Press Inc, 205-229.

Zebrowitz, L. A. (1996). Physical appearance as a basis of stereotyping. Vo C.N. Macrae, C. Stangor & M. Hewstone (Eds.), *Stereotypes and stereotyping*, pp. 79-120. New York: Guliford.

Nikolina KENIG

# WHEN MEN ARE NO MORE MASCULINE AND WOMEN ARE LESS BEAUTIFUL: EXPLORING THE CROSS-CATEGORIZATION MODEL IN CASES OF SHARED GENDER CATEGORY

## Abstract

*Being a member of particular social groups affects heavily the individuals' perception of self and others, as well as their experiences and attitudes about the social world. The intergroup context is normally differentiated by objective sta-*

*tus dissimilarities that might reflect in the cognitive processes of social identification. This research explores the effect of reducing negative evaluation as a result of crossed categorization when the shared category is asymmetrical in social power. The findings are interpreted from the perspective of social identity theory and ego-ecological theory. They suggest the necessity of integrating the ideas for different social identification paradigms depending on the group's asymmetry in social power, as well as the need for further examination of conditions under which cross-categorization can diminish negative out-group evaluation.*

***Key words:*** *CATEGORIZATION, CROSSED CATEGORIZATION, STEREOTYPES, GENDER SUBCATEGORIES, EVALUATION.*